Собранието на Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот на седницата одржана на 21.06.2000 година, врз основа на член 38 од Законот за обезбедување на лица и имот ("Службен весник на РМ" бр. 80/90), донесе

# С Т А Т У Т
# НА КОМОРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој статут се утврдува: името на Комората, седиштето на Комората, печатот и штембилот, организација на надлежноста, составот, начинот на избор, правата и обврските на органите на управување, актите на Комората, средствата и фондовите на комората, стручната служба на Комората како и други одредби од работењето на Комората.

Член 2

Лицата кои што имаат лиценца за вршење на работи на обезбедување на лица и имот се здружуваат во Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, заради унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста како и заштита на професијата.

Комората дејствува на цела територија на Република Македонија со цел да се обезбеди поуспешна организација за обезбедување на лица и имот.

Член 3

Името на Комората гласи: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот во натамошниот текст: Комората.

Член 4

Седиштето на Комората е во Скопје.

Член 5

Комората има својство на право лице.

Член 6

Комората има свој симбол. Формата и содржината на симболот ја утврдува Собранието на Комората по предлог на управниот одбор.

Член 7

Комората има свој печат и штембил. Печатот има тркалезна форма со пречник од 4 см. Во внатрешната страна на печатот во форма на полукруг напишан е следниот текст: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот. Во средина на печатот е грбот на Република Македонија, под грбот наведено е седиштето Скопје. На самиот раб на печатот во форма на круг се исцртани две паралелни тенки линии.

Член 8

Штембилот на Комората има правоаголна форма со следна содржина: ознака на грбот на Република Македонија, Република Македонија, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот празен простор на број и датумот на актот (кој се прима или испраќа) Скопје. Доколку на писменото има меморандум штембилот не се втиснува. Штембилот ги има следните димензии, должина 8 см., ширина 4 см..

Член 9

Комората за своите обврски одговара со сите свои средства.

Член 10

Комората ја претставува и застапува претседателот на Комората. Правата и обврските на претседателот на Комората се утврдуваат во согласност со законот и одредбите на овој статут, како и другите акти на Комората.

Член 11

Комората може да се зачлени во меѓународна организација од сличен тип и надлежности, а за зачленувањето одлучува управниот одбор на Комората.

Член 12

Работата на Комората и нејзините органи е јавна.

Секое лице пред отпочнување со работа задолжително се запишува во именикот на лицата за обезбедување на лица и имот што го води Комората.

Со уписот во именикот на лицата за обезбедување на лица и имот, лицето станува член на Комората и се стекнува со сите права и обврски што произлегуваат од закон, подзаконски акти на овој статут и други акти на Комората.

Во Комората можат да членуваат и почесни членови.

## II. ОСНОВНИ ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА

Член 13

Основна задача на Комората е да ја заштитува и унапредува стручноста, професионалноста, деловноста како  и заштита на професионалноста.

Член 14

Своите основни и други задачи Комората ги уредува и извршува во согласност со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со закон, подзаконските прописи, одредбите на овој статут и други акти на Комората.

Член 15

Задачите што ги врши Комората се од јавен, самостоен, независен и општ интерес.

Член 16

Комората ги претставува лицата за обезбедување на лица и имот и ги застапува нивните интереси.

Член 17

Комората врши упис на лицата со лиценца за вршење за обезбедување на лица и имот.

Член 18

Комората има свои уписници и други деловни книги.

Член 19

Комората посебно се грижи за: обезбедување на услови за правилно, успешно и независно вршење на работите на обезбедување на лица и имот, заштита на предметот за работа, јавните и службените овластувања.

## III. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО КОМОРАТА

Член 20

Органи на Комората се:
1. Собрание,
2. Управен одбор,
3. Претседател на Комората,
4. Дисциплински совет,
5. Стручен совет,
6. Надзорен одбор.

**1. Собрание на Комората**

Член 21

Собранието е највисок орган на Комората.

Собранието на Комората го сочинуваат сите лица запишани во именикот со лиценца за вршење на работи на обезбедување на лица и имот што го води Комората кога отпочнале со работа.

Собранието на Комората се одржува редовно еднаш годишно и тоа во првата недела на месец март.

Собранието може да се одржи према потреба и на вонредна седница.

Вонредна седница на Собранието на Комората може да свика претседателот на Комората со одлука на Управниот одбор или на писмено барање од најмалку 30 члена на Комората.

Ако претседателот на Комората не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно од поднесувањето на писменото барање за свикување на седницата, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор определен од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето за свикување на вонредно собрание.

Член 22

Начинот на свикување, работење на Собранието, редот и дисциплината, утврдувањето на дневниот ред, како и начинот на одлучување се регулира со деловник за работа на Собранието.

Член 23

Собранието на Комората донесува:

а) Статут на Комората,

б) Кодекс на професионална етика на лицата за вршење на работи на обезбедување лица и имот,

в) Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка,

г) Одлуки, заклучоци и препораки,

д) Избира претседател на Комората,

ѓ) Избира членови на Управен одбор,

е) Избира членови на дисциплински совет,

ж) Избира надзорен орган и други комисии (постојани или времени),

з) Одлучува за висината на членарината и начинот на плаќањето,

ѕ) Усвојува годишна сметка на изминатата година, усвојува програма за работа на Комората со пресметка за тековната година,

и) Разгледува и усвојува извештај за севкупните активности и работа на Комората, како и поединечни извештаи,

ј) Разгледува предлози и препораки за успешно работење на Комората.

Член 24

Претседателот на Комората, членовите на Управниот одбор и членовите на другите комисии се бираат во време од четири години.

Изборот се врши со тајно гласање во постапка што се утврдува со деловник за работа на Собранието.

Времето на траење на другите комисии и тела што ги избира Собранието се уредуваат со актот за нивното формирање.

Член 25

Со Собранието раководи претседателот на Комората, а во случај на негова спреченост, со Собранието раководи претседателство од три члена.

Член 26

Собранието на Комората врши и други работи врз основа на законот и други подзаконски акти кои спаѓаат во делокругот на вршењето на работи на обезбедување на лица и имот.

**2. Управен одбор**

Член 27

Управниот одбор е управен извршен орган на Комората.

Управниот одбор заедно со претседателот на Комората брои 5 членови.

Претседателот на Комората е и Претседател на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор ги свикува Претседателот на Комората.

Седницата на Управниот одбор може да биде свикана и на барање на една третина од членовите од вкупниот број на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор се јавни.

Управниот одбор полноважно може да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Управниот одбор своите одлуки по правило ги донесува со мнозинство на гласови на присутните членови на седницата на Управниот одбор.

Начинот на свикување на седниците на Управниот одбор се регулира со деловник за работа на Управниот одбор.

На Претседателот на комората и членовите на Управниот одбор им следува надомест за работата.

Висината на надоместокот се утврдува со посебна одлука на Управниот одбор на Комората.

Член 28

Управниот одбор ги има следните права и обврски:

- ги подготвува седниците на Собранието на Комората,
- ги извршува одлуките на Собранието на Комората, освен оние одлуки кои се во надлежност за извршување на Претседателот на Комората,
- го утврдува Нацрт Статутот и другите акти на Комората,
- формира комисија за меѓународна соработка, подготвува програма за оспособување на лицата за вршење на работи од обезбедување на лица и имот и врши надзор на стручно оспособување,
- формира комисија за следење на стручно усовршување на лицата за вршење на работи од обезбедување на лица и имот,
- одлучува по жалбите против одлуките на дисциплинскиот совет донесени во дисциплинска постапка,

- се грижи за статусот на лицата со лиценци и за односот кон другите органи и воопшто кон трети лица,

- ја утврдува годишната пресметка и предлага предлог на пресметка за наредната година,

- ја контролира уплатата на членарината и презема соодветни мерки против оние лица што не ја подмириле во определениот рок,

- редовно подготвува и доставува предлози и мислење до министерот за внатрешни работи,

- подготвува предлози за основање на фондови, особено за социјална заштита, за придонес на солидарност, на економската помош за трајно осигурување, за заеднички потреби, за усовршување, специјализација и други потреби,

- подготвува годишна програма за стручни советувања, семинари и предавања, за купување и продажба на основни средства, за патување во странство, за стручно усовршување во странство, за начин на користење на средствата од фондовите на комората, по приговорите и жалбите на вработените лица,

- се грижи за обезбедување на законитоста и правната примена на прописите, презема мерки за заштита на Комората, донесува

- програма за работа за тековната година во согласност со програмата на Собранието на Комората,

- Управниот одбор одлучува и за други прашања кои се со закон и со овој статут ставени во негова надлежност како и за оние прашања кои се од интерес за Комората, а не се определува надлежност на било кој друг орган.

Член 29

Управниот одбор ако управува и работи спротивно на законските прописи, Статутот и други акти на Комората или причини штета на Комората или нејзин член како и доколку работи неефикасно Собранието може да го разреши целиот Управен одбор или негов член и пред истекот на мандатот и тоа:

1. Ако управува и работи спротивно на законските прописи, Статутот и другите акти на Комората.
2. Ако причини штета на Комората или нејзин член.
3. Ако не ги врши своите должности или не ги врши одговорно, или ги врши неблаговремено.
4. Ако Управниот одбор не подготви и не поднесе извештај до Собранието на Комората.
5. Ако член на Управниот одбор отсуствува два пати неоправдано од седницата на Управниот одбор.
6. Ако на член на Управниот одбор му е изречена дисциплинска мерка.
7. Ако член на Управниот одбор со правосилна одлука е осуден за сторено кривично дело.

**3. Претседател на Комората**

Член 30

Претседателот на Комората ги има следните права и обврски:

- ја претставува и застапува Комората,
- ги закажува седниците на Собранието и Управниот одбор,
- ги спроведува одлуките на Собранието, освен оние одлуки за кои е надлежен Управниот одбор,
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор,
- ги спроведува одлуките на Дисциплинскиот совет,

- ги потпишува записниците на Собранието и Управниот одбор,
- ги потпишува општите акти на Комората и се грижи за нивно извршување,
- ги потпишува патните налози за патување во земјата и странство,
- ја организира стручната служба на Комората,
- се грижи за работењето на Комората да се врши според законските прописи, Статутот и другите акти на Комората,
- го организира книговодството на Комората,
- подготвува извештај за работењето на Управниот одбор и другите органи и ги доставува до Собранието на Комората,
- подготвува и предлог програма за практично усовршување на лицата за вршење на работи на обезбедување на лица и имот,
- подготвува и предлага програми за подобрување услови на работа на лицата за вршење на работи за обезбедување на лица и имот,
- се грижи за заштита на угледот на Комората и сите членови,
- донесува решенија, наредби, упатства и налози за спроведување на одлуките на Собранието, Управниот одбор, дисциплинскиот совет како и решенија на министерот за внатрешни работи,
- врши и други работи што му се ставени во надлежност со закон, подзаконски акти, со овој статут и други општи акти на Комората.

Во случај на спреченост на Претседателот замената ја врши член на Управниот одбор што ќе го определи Претседателот на Комората.

Член 31

Претседателот на Комората може да биде разрешен од должноста претседател спротивно на неговата волја доколку:
- не работи во согласност со законските прописи,
- не ги почитува одредбите на овој статут, одлуките на Собранието и Управниот одбор, дисциплинскиот совет и истите не ги спроведува или ненавремено ги спроведува,
- доколку со своето работење како Претседател причини материјална штета на Комората,
- доколку биде осуден за кривично дело со умисла и одлуката стане правосилна.

Иницијатива за сменување на Претседател на Комора може да покренат најмалку една третина од членовите на Управниот одбор, дисциплинскиот совет и најмалку една третина членови.

Предлог по иницијатива за разрешување на Претседател на Комората го утврдува Управниот одбор, а одлука за разрешување донесува Собранието на Комората. Одлука се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број запишани лица во именикот на кои им е издадена лиценца.

**4. Дисциплински совет**

Член 32

Дисциплинскиот совет е составен од пет члена.

Членовите на Дисциплинскиот совет имаат заменици.

Членовите на Дисциплинскиот совет и нивните заменици ги избира Собранието на Комората.

Член 33

Дисциплинскиот совет ја спроведува дисциплинската постапка по поднесено барање за спроведување на дисциплинската постапка.

Член 34

Правата и надлежностите и водење на постапката, како и донесување на одлука се регулира во правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка.

**5. Стручен совет**

Член 35

Стручниот совет е стручен и организационен орган на Комората.

Стручниот совет го избира Управниот одбор на Комората.

Стручниот совет е составен од 5 члена.

Правилата за работа, начинот на кандидирање и исполнување на потребните предуслови за стекнување на доверба за стручните и организаторските способности како и други прашања во врска со работата на стручниот совет е утврдено со Правилник за работа на стручниот совет што го донесува Управниот одбор на Комората.

**6. Надзорен орган на Комората**

Член 36

Надзорниот орган на Комората ја сочинуваат претседател и двајца членови што ги избира Собранието на Комората од редот на своите членови.

Член 37

Надзорниот орган ја следи примената на одредбите на овој статут и другите општи акти на Комората од страна на органите и телата на Комората.

Член 38

Надзорниот орган го проверува материјалното и финансиското работење на Комората како и начинот на користење на средствата на Комората.

Член 39

Сите органи и тела на Комората се должни да му обезбедат услови за работа на Надзорниот орган во врска со вршење на надзорот.

Член 40

Надзорниот орган е должен да поднесува до Собранието на Комората извештај за својата работа особено за примената на Статутот и другите општи акти на Комората, како и за материјалното и финансиското работење на Комората, најмалку еднаш годишно при усвојување на извештаите и програмите за работа за претходната година и завршна сметка на Комората.

Член 41

Седница на Надзорниот орган ја свикува и раководи Претседателот на Надзорниот орган. Комисијата работи во полн состав. За одржаната контрола на седници се води записник, записникот го потпишуваат сите членови на надзорниот орган.

Член 42

Надзорниот орган покрај наведените работи по овој статут може да врши други работи што ќе му ги стави во задача Собранието на Комората.

### 7. Други комисии и работни тела на Комората

Член 43

Собранието на Комората и Управниот одбор можат да формираат други комисии и работни тела (постојани или времени) во зависност од потребите на Комората. Правата и обврските на комисиите и работните тела се формираат со актот за основање. Со исклучок на претходниот став органот кој ја формира комисијата и работното тело може да одлучува правата и надлежностите да се регулираат со посебен општ акт.

## IV. ИЗБОР И ОТПОВИКУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА

Член 44

Органите на Комората ги избира и отповикува Собранието на Комората. Мандатот на органите на Комората по правило трае 4 години. Мандатот на Претседателот на Комората трае 4 години. Претседателот на Комората кој ќе постигне извонредни резултати и организаторски способности може да биде повторно избран.

Член 45

За избор на претседател на Комората, членовите на Управниот одбор, дисциплинскиот совет, стручниот совет, надзорниот орган и надзорен одбор се гласа тајно. За другите органи комисии и тела гласањето е јавно.

Член 46

Сите лица што имаат лиценца за вршење на работи за обезбедување на лица и имот имаат право да предлагаат и да бидат предложени во органите на управување на Комората. Гласањето се врши на гласачки листи кои се подготвуваат по утврдување на кандидатура на кандидатите за кои ќе се гласа. Упатство за гласање се дава на самото гласачко ливче.

Член 47

Утврдување на кандидат за избор на органите на управување и претседател на Комората се врши со јавно гласање. Кандидатурата е утврдена за оној кандидат за кој гласа мнозинството присутни на Собранието. За член на орган на Собранието се смета дека е избран кандидат за кои се смета дека гласале повеќе од половина од присутните. За претседател на Комората се смета дека е избран оној кандидат за кој гласале мнозинството од присутните.

Член 48

При кандидирањето на кандидати за членови на Управниот одбор и кандидати за дисциплински совет и на други комисии се води сметка за адекватна застапеност на подрачјето во Републиката според бројот на лицата кои што имаат лиценца за вршење на работи на обезбедување на лица и имот. Гласањето за Управниот одбор се врши на една листа.

### 8. Изборна комисија

Член 49

Изборите ги спроведува изборна комисија составена од три члена. Изборната комисија ја избира Собранието по предлог на претседателот на Комората односно претседавачот со Собранието.

Изборната комисија се грижи за законитост на изборната постапка.

Обезбедува и подготвува гласачки листи за сите органи што се избираат како и обезбедува гласачки кутии.

Со изборната комисија раководи претседател на комисијата и во нејзино име поднесува извештај на Собранието. Гласањето се врши на тој начин што претседателот на изборната комисија ги повикува присутните да гласаат кои што се запишани во гласачкиот список.

Гласачкиот лист се внесува во гласачката кутија. По завршувањето на гласањето изборната комисија ги пребројува гласачките листи, утврдува дали има неважечки листи, колку е нивниот број и утврдува резултати од гласањето.

За време на спроведувањето на изборите како и за време на утврдување на резултатот од гласањето, изборната комисија води записник.

По утврдување на резултатите од гласањето изборната комисија поднесува извештај пред Собранието. Врз основа на резултатите од гласањето Собранието донесува одлуки.

Член 50

Претседателот на Комората и член на Управен одбор на Комората може да биде отповикан доколку не ги извршува своите обврски во согласност со Законот, овој статут и други акти на Комората.

## V. ЈАВНОСТ НА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА

Член 51

Работата на органите на Комората е јавна. Јавноста на работа на органите на Комората се остварува со присуство на членовите на Комората, со доставување на записници од седници и извештаи од работењето, со објавување на одлуки, заклучоци и акти на Комората преку средствата за информирање.

## VI. ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА

Член 52

Акти на Комората се: статут, кодекс на професионална етика, правилник за дисциплинска одговорност, правилник за организација и работа на стручна служба, правилник на распределба на средства по фондови, правилник за потпис и книговодство, правилник за награди и признанија, деловник за работа на собранието, деловник за работа на управниот одбор, како и други деловници и општи акти што ќе бидат донесени за работи од работата на Комората, доколку за тоа има потреба.

Член 53

Акт на Комората мора да биде усогласен со Уставот на Република Македонија и Законот за обезбедување на лица и имоти и други закони, договори и спогодби кои ги прифатила и одобрила Комората.

Член 54

Статутот, кодексот за професионална етика, правилникот за дисциплинска одговорност ги донесува, изменува и дополнува како и укинува Собранието на Комората, правилникот за распределба на средства, правилникот за награда и признание, деловникот за работа на Собранието ги донесува и дополнува Управниот одбор.

Член 55

Иницијатива за донесување или измена на актот на Комората може да даде секој член на Комората, Управниот одбор, претседател на Комората или друг орган на Комората. Одлука за поведување на постапка донесува Управниот одбор. По донесување на одлуки за поведување на постапка за изработка на општ акт се формира комисија за изработка на општ акт, а потоа се даваат на јавна расправа. По завршувањето на расправата се доставува до надлежниот орган на одлучување. Актот донесен од Собранието на Комората влегува во сила осмиот ден од неговото донесување и се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 56

Измена и дополнување на актот на Комората се врши по иста постапка како и за нивно донесување.

## 9. Именици и деловни книги на Комората

Член 57

Комората ги води следните именици:

- именик за евиденција на издадени лиценци за вршење на работи на обезбедување на лица и имот,
- именик за евиденција на правни лица на кои им е издадена дозвола за вршење на обезбедување на лица и имот,
- именик за евиденција на правни лица кои вршат обезбедување за сопствени потреби.

Комората ги води следните деловни книги:

- деловен протокол,
- книга за службено патување,
- книга за награди и признанија,
- книга за основните средства на Комората,
- за изречени дисциплински мерки,
- персонални досиеа на лицата со издадени лиценции,
- книга за евиденција за заземени ставови од страна на Собранието на Комората, Управниот одбор и стручниот совет за единствена и еднообразна примена на законските прописи, подзаконските акти и актите на Комората,
- книга за евиденција за одржување на советувања и предавања, како и други евидентни книги што ќе ги утврди Управниот одбор.

Член 58

Начинот на водење, чување и трошоци за имениците и деловни книги на Комората ги определува Управниот одбор по предлог на Претседателот на Комората.

## 10. Стручна служба на Комората

Член 59

Стручната и помошната административна работа на Комората ги врши стучната служба на Комората.

Делокругот на работите, работните задачи, бројот на врботени и условите за работата, платите, и обврските од работниот однос се утврдуваат во согласност со законските прописи и потребите на Комората утврдени со посебен правилник што го донесува Управниот одбор по предлог на Претседателот на Комората.

Член 60

Со работата на стручната служба раководи секретар.

Секретарот ја застапува и претставува стручната служба и врши други работи утврдени со Правилникот за организација и работа на стручната служба, како и работи со кои ќе ги задолжи Претседателот на Комората.

Лицето кандидат за секретар мора да зборува и пишува солидно англиски јазик.

Член 61

Вработените лица во стручната служба на Комората најнапред се вработуваат на определено време за проверка на нивна стручна, работна и организаторска способност.

Работата на вработените во стручната служба ја следи и оценува формирана комисија од страна на Управниот одбор.

Вработеното лице во стручната служба која нема да добие позитивна оценка за успешно извршената пробна работа, работниот однос му престанува.

**11. Средства и фондови на Комората**

Член 62

Средствата на Комората се обезбедуваат од членарина на членовите, правните лица кои вршат дејност во вид на давање на услуги за техничка заштита, обезбедување на лица и имот, како и од правни лица кои вршат обезбедување за сопствени потреби и друго.

Член 63

Управниот одбор ја определува висината на членарината, начинот на плаќање и рокот на плаќање.

Членарината се уплатува на сметката на Комората со почеток во месец јануари. Висината на членарината се одредува во зависност од потребните средства на Комората, а во согласност со годишните планови за приходите и расходите.

Член 64

Покрај членарина, средства на Комората се и други извори, донации, заеми, легати и друго.

Комората може да остварува приходи од вршење на дејност преку други форми, со основање на правни лица или проширување на дејност. Основањето на правни лица се утврдува врз основа на одлука на Управен одбор.

Член 65

Фондови на Комората се:

- деловен фонд,
- фонд за подмирување на придонесите,
- фонд за осигурување од штета,
- фонд за стручно усовршување,
- резервен фонд и фонд за кредитирање.

Формирање на други фондови се врши со одлука на Собранието на Комората, а по предлог на Управниот одбор и Претседателот на Комората.

Член 66

Средствата од Фондот се распоредуваат со одлука на Собранието на Комората.

Член 67

За состојбата на средствата на Комората се составува периодична и завршна сметка. Завршната сметка ја донесува Управниот одбор, а ја одобрува Собранието.

**12. Попис и книговодство**

Член 68

Пописот на основните средства и имотот се врши во согласност со законските одредби и Правилникот. Пописот го вршат комисии формирани од страна на Претседателот на Комората.

Член 69

Пописот започнува и завршува по истекот на календарската година. Комисиите работат во полн состав. Сите пописни листи ги потпишуваат сите членови на пописните комисии. Материјалите од пописите се предаваат на стручната служба на Комората.

Член 70

Книговодството Комората го води во согласност со законските прописи.

**13. Свечени признанија**

Член 71

Свечени признанија на Комората се:
- почесен член,
- медал,
- плакета,
- благодарници.

Член 72

Свечените признанија се доделуваат со одлука на Собранието на Комората, а на предлог на Управниот одбор на Комората и Претседателот на Комората. Формата и содржината на свечените признанија ја одредува Управниот одбор на Комората по предлог на Претседателот на Комората.

**14. Завршни одредби**

Член 73

Сите општи акти на Комората мора да бидат во согласност со одредбите на овој статут.
Толкување на одредбите на овој статут дава Управниот одбор.

Член 74

Овој статут влегува во сила веднаш со денот на донесувањето на Одлуката на Собранието за негово прифаќање од кога и ќе се применува, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Комора за обезбедување на лица и имот
Претседател,
дипл. инж. **Тихомир Николовски**, с.р.